

**Рашела Миздрахи-Министер за Труд и социјала**

Од 8500 барања за периодот 1.6.2019 до 1.10.2019 кои претходно ги споменав, до вчера, 8.1.2020 година до 16 часот, решени се САМО 1589 барања за надоместок за помош и нега од друго лице. Во меѓувреме поднесени се 4603 нови барања, кои воопшто не се пуштени во процедура на решавање, а причината сè уште не е позната.

Што значи, во оваа држава, во овој момент, има 11 514 нерешени барања за надоместок за помош и нега од друго лице. Напоменуваме дека дел од комисиите, до денес, немаат отпочнато ниту со решавање на истите. Ова говори дека Владата и Министерството претходно проблемите на граѓаните ги ставале под тепих. Тоа е недозволиво. Семејствата чекаат помош, а не ја добиваат. Ова што го зборувам, не е празна реторика туку нерешени предмети поткрепени со документи. Како и за многу работи, така и за овој голем проблем, не ја зборуваат вистината.

Ова не е прашање на политика туку прашање на егзистенција и помош на луѓето на кои

им треба нега. Ги повикувам оние кои не мислат така, вклучително и поранешната министерка да дојде да направи увид во документацијата на нерешените премети и да се увери во вистинитоста на проблемите со кои се соочуваат граѓаните на оваа држава.

Нападите врз мене и мојот личен интегритет, само ќе ме охрабрат дополнително да се борам за она што сум дојдена, а тоа е БЕЗУСЛОВНО решавање на секој проблем што го имаат граѓаните на мојата држава.
НЕМА да престанам сè додека ова Министерство не стане сервис на граѓаните. Отворено, транспарентно, со целосно почитување на законите.